ПРЕДЛАГАЧ: Моника Зајкова

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јуни 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 04. 06. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojce | Вредност Vlerë |
| 08 | 3259/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесувам Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЧКА:

Моника Зајкова

## ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Изборниот систем е основен столб на секое демократско уредување, преку кој се обезбедува правичната и пропорционална политичка застапеност на граѓаните. Во Република Северна Македонија, изборното законодавство претрпе значајни измени од стекнувањето на независноста досега, преминувајќи од мнозински кон пропорционален модел со повеќе изборни единици. Сепак, постојниот модел, утврден во Изборниот законик од 2006 година и последователно изменуван, сè повеќе покажува системски недостатоци кои го нарушуваат начелото на еднаквост на гласот и политичката инклузивност.

Во моменталната регулатива, изборот на пратеници во Собранието се врши во шест изборни единици, со затворени листи и без можност за преференцијално изразување на волјата на избирачите. Овој систем создава нерамномерност во застапеноста, при што одредени политички субјекти, и покрај добиени значаен број гласови на национално ниво, остануваат без мандати поради неповолна географска распределба на поддршката. Дополнително, гласачите немаат реално влијание врз изборот на конкретни кандидати, бидејќи мандатите се доделуваат според однапред утврден партиски редослед.

Анализата на досегашните изборни процеси покажува дека овој модел не овозможува целосно одразување на волјата на избирачите, ниту поттикнување на поголема политичка конкурентност и отчетност. Исто така, постојната територијална поделба на изборните единици не секогаш го почитува критериумот за еднаквост на бројот на гласачи, што создава правна и политичка нерамнотежа. Дополнително, застапеноста на жените и останува недоволна, и покрај постоечките квоти.

Имајќи ги предвид наведените предизвици, неопходна е суштинска реформа на изборниот систем. Предложените измени предвидуваат премин кон единствена изборна единица и воведување на преференцијално гласање, со што ќе се зголеми транспарентноста, еднаквоста на гласот и демократизацијата на изборниот процес. Овие измени се во согласност со меѓународните демократски стандарди и со практиките на повеќе земји од регионот.

Со воспоставување на една изборна единица, ќе се надмине диспропорцијата во застапеноста и ќе се овозможи секој глас да има еднаква тежина. Преференцијалното гласање, пак, ќе им даде можност на граѓаните директно да влијаат врз изборот на своите претставници, зголемувајќи ја легитимноста на избраните кандидати.

Поради сето горенаведено, донесувањето на овој закон е нужно и оправдано, со цел да се обезбеди поправеден, поинклузивен и демократски изборен систем, во служба на граѓаните и во интерес на стабилен и одржлив парламентарен поредок.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на овој закон е унапредување на демократскиот изборен процес во Република Северна Македонија преку реформа на моделот за избор на пратеници во Собранието, со што се обезбедува:

1. Воведување на една изборна единица – со цел да се постигне еднаква вредност на гласот на сите граѓани, без оглед на географската распределба;
2. Воведување на преференцијално гласање – со цел да им се овозможи на избирачите поголемо влијание врз изборот на поединечни кандидати на изборните листи и да се зголеми одговорноста на избраните претставници;
3. Поголема застапеност на помалите политички субјекти – преку правично претставување согласно реалната добиена поддршка на национално ниво;
4. Јакнење на довербата во изборниот процес – преку транспарентност, правичност и зголемена отчетност на политичките актери;
5. Унапредување на политичката инклузивност – преку создавање услови за подобра застапеност на жените, младите, лицата со попреченост и другите маргинализирани групи во законодавниот дом;
6. Приближување кон меѓународните стандарди – преку имплементација на препораките на ОБСЕ/ОДИХР и усогласување со добрите европски практики за изборни системи.

Законот се заснова на следниве темелни начела:

1. Начело на еднаквост на гласот – секој граѓанин има еднаков глас со еднаква тежина при изборот на претставници, загарантирано со Устав.
   Во контекст на изборниот систем, тоа значи дека изборниот модел треба да обезбеди правична застапеност на гласовите на сите избирачи, без диспропорционална застапеност на одредени изборни единици или региони.

2. Начело на политички плурализам, начело кое се темели на обезбедување услови за политичка разновидност, односно фер и рамноправен натпревар меѓу различни политички субјекти, вклучително и помалите партии и независните кандидати. Законските измени во изборниот систем – конкретно воведувањето на една изборна единица и укинувањето на изборниот праг – придонесуваат за реална застапеност на политичките убедувања на граѓаните преку отстранување на пречките што досега го ограничуваа влезот на мали политички субјекти во законодавниот дом. Со овие измени се обезбедува поширока политичка репрезентација и се унапредува квалитетот на демократијата преку поттикнување на повеќе политички гласови и идеи во Собранието.

3. **Начело на непосредност и слободен избор,** кое го овозможува правото на граѓаните непосредно да влијаат врз изборот на своите претставници преку индивидуална одлука. Со воведувањето на преференцијално гласање, се овозможува гласачот да го изрази својот избор не само за одредена политичка партија, туку и за конкретен кандидат на листата. На тој начин, се зајакнува индивидуалната слобода на избор и се зголемува директната одговорност на избраните претставници кон гласачите.
4. Начелото на транспарентност и отчетност е начело кое подразбира дека граѓаните имаат право на јасен увид во тоа кого избираат и можност подиректно да ги држат избраниците одговорни за нивната работа. Преку воведување на преференцијално гласање (отворени листи) и измени во изборниот модел, се овозможува поголема отчетност на конкретни избрани претставници, бидејќи граѓаните гласаат за поединци, а не само за партиски листи.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик не предвидува дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

### Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 127/2006, 136/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) во членот 1 зборовите: „границите на изборните единици” се заменуваат со зборовите: „границата на единствената изборна единица".

### Член 2

Во член 2 став (1) во точката 21. зборовите: „изборната единица“ се заменуваат со зборовите: „на ниво во единствената изборна единица", а зборовите: „каде што се врши изборот“ се бришат.

Во став (1) по точката 21. се додаваат две нови точки 21-а. и 21-б кои гласат:

„21-а. „Отворени листи“ се кандидатски листи во пропорционален изборен модел во кои избирачите освен за кандидатската листа имаат право да гласаат и за одреден кандидат од таа листа, со што непосредно влијаат врз редоследот на избраните кандидати;

„21-б. „Преференцијално гласање” е начин на гласање при кој гласачот, покрај избирањето на листа и кандидат, има право да изрази преференција за поединечен кандидат од листите, при што изразените преференции се земаат предвид при утврдувањето на редоследот за доделување на мандатите.”.

### Член 3

Во член 4 став (2) зборовите: „според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици утврдени со овој законик и во секоја се избираат по 20 пратеници и 3 пратеници се избираат според пропорционалниот модел во една изборна единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија." се заменуваат со зборовите: „според пропорционалниот модел со преференцијално гласање (отворени листи), при што територијата на Република Северна Македонија претставува една изборна единица утврдена со овој законик и 3 пратеници се избираат во една изборна единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија".

Во ставот (3) зборовите: „изборните единици” се заменуваат со зборовите: „изборната единица”.

Во ставот (4) зборовите: „изборните единици” се заменуваат со зборовите: „изборната единица”.

Во ставот (5) зборовите: „изборните единици” се заменуваат со зборовите: „изборната единица”.

Ставот (7) се брише.

Ставовите (8) кој станува став (7) зборовите: „според пропорционалниот модел” се заменуваат со зборовите: „со отворени листи според пропорционалниот модел”.

Ставот (9) станува став (8).

Член 4

Во член 6 став (1) зборовите: „со постојано живеалиште во изборната единица" се заменуваат со зборовите: „со постојано живеалиште на територијата на Република Северна Македонија“.

Член 5

Во член 22 став (2) зборовите: „изборните единици” се заменуваат со зборовите: „изборната единица”.

Член 6

Во член 31 став (2) точка 20) зборовите: „изборна единица” се заменуваат со зборовите: „единствената изборна единица;”.

Во ставот (6) зборовите: „изборните единици број 7, 8 и 9 од овој закон” се заменуваат со зборовите: „изборната единица во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија”.

Член 7

Во член 33 став (2) зборовите: „изборните единици", се заменуваат со зборовите: „единствената изборна единица”.

Член 8

Во член 37 став (2) точка 14), зборовите: „ги сумира резултатите според изборните единици за избирачките места за кои е таа надлежна и според нивната припадност на изборната единица" се заменуваат со зборовите: „ги сумира резултатите во единствената изборна единица од избирачките места на територијата за кои е таа надлежна“.

Член 9

Во член 41 став (8) зборовите: „за секоја изборна единица," се заменуваат со зборовите: „за единствената изборна единица."

Член 10

Во член 55 став (2) зборовите: „изборната единица” се заменуваат со зборовите: „единствената изборна единица”.

Член 11

Во член 60 став (6), зборовите: „односно изборната/те единица/и“ се заменуваат со зборовите: „во единствената изборна единица" а зборовите: „во која настапуваат заедно“ се бришат.

Член 12

Во член 61 став (1) бројот: „1%” се заменуваат со бројот „1000”, а зборовите: „на изборната единица“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „изборните единици” се заменуваат со зборовите: „изборната единица”, а зборовите: „тие изборни единици” се заменуваат со зборовите: „изборната единица”.

Член 13

Во член 63 став (3) бројот „15” се менува со бројот „30”.

Во ставот (5) зборовите: „изборната единица" се заменуваат со зборот: „Републиката”.

Член 14

Во член 64 ставот (2), се менува и гласи:

„Поднесената листа на кандидати за пратеници содржи: назив на листата, име и симболот ако го има на подносителот на листата, име и презиме на носителот на листата, име и презиме на секој кандидат за пратеник и ги содржи кандидатите кои се избираат на територијата на Република Северна Македонија која претставува една изборна единица, со означување на нивното постојано живеалиште, единствен матичен број на граѓанинот и изјава за припадност на одредена заедница.".

Ставот (5) се менува и гласи:

„Во поднесената листа на кандидати за пратеници од ставот (2) на овој член и за членови на совет на општината и градот Скопје од ставот (3) на овој член, се применува принципот на паритет во застапеност на жени и мажи, со наизменичен распоред. Разликата помеѓу мажите и жените во листата за пратеници и за членови на совет на општината и градот Скопје, не смее да биде поголема од 1.“.

Член 15

Во член 67-в во ставот (3) зборовите: „изборната единица“ се заменуваат со зборовите: „единствената изборна единица".

Член 16

Во член 68 став (1) зборовите: „и тој број е ист во сите изборни единици, односно општини, а во изборната единица односно општина кадешто нема да има свој претставник, соодветниот број на подносителот на листата да биде изоставен и на негово место да биде напишан редниот број на наредниот носител без оставање на празно место.” се заменуваат со зборовите: „во изборната единица, односно општината”.

Во ставот (3) зборовите: „изборни единици,” се заменуваат со зборовите: „единствената изборна единица и изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија”, а зборовите: „сите изборни” се заменуваат со зборовите: „изборните”.

Член 17

Во член 69 став (2) зборовите: „изборните единици" се заменуваат со зборовите: „единствената изборна единица и изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија".

Член 18

Во членот 84 зборовите: „во изборната единица" се заменуваат со зборовите: „во единствената изборна единица".

Член 19

Член 96 ставот (1) се менува и гласи:

„Делот од гласачкото ливче за гласање за избор на пратеници содржи:

- назив на гласачкото ливче, општината и бројот на гласачкото место,
- реден број и назив на секоја изборна листа;
- реден број, име и симбол (ако го има) на подносителот на листата и
- име и презиме на носителот на листата врз основа на податоците од

матичната евиденција и
- имињата и презимињата на кандидатите на листата, подредени според редоследот утврден од подносителот на листата.”.

Член 20

Член 97 ставот (1) се менува и гласи:
„Делот од гласачкото ливче за гласање за избор на пратеници содржи:
- назив на гласачкото ливче, општината и бројот на гласачкото место,
- реден број и назив на секоја изборна листа;
- реден број, име и симбол (ако го има) на подносителот на листата и
- име и презиме на носителот на листата врз основа на податоците од матичната евиденција и
- имињата и презимињата на кандидатите на листата, подредени според редоследот утврден од подносителот на листата.”.

Член 21

Во членот 110, по ставот (1) се додаваат 6 нови ставови (2), (3), (4), (5), (6) и (7) кои гласат:

„(2) На гласачкото ливче треба да се заокружи редниот број пред една од листите, а на таа листа можат да се заокружат и редните броеви пред имињата до три кандидати од таа листа. Во тој случај, гласот ќе биде важечки и за листата и за заокружените канидати од таа листа.

(3) Доколку гласачот ја заокружил само листата, а не гласал за поединечни кандидати, гласот важи само за носителот на листата.

(4) Доколку гласачот ја заокружил листата и заокружил повеќе од три кандидати од таа листа, гласот важи само за носителот на листата, но не и за поединечните канидати.

(5) Доколку гласачот ја заокружил листата, а даде преференцијални гласови за кандидати од различни листи, ливчето се смета за важечко и за листата и за преференцијалниот глас од таа листа.

(6) Доколку гласачот заокружи повеќе од една листа, ливчето се смета за неважечко.

(7) Доколку гласачот не ја заокружил листата, а заокружил кандидати од различни листи, ливчето се смета за неважечко.“.

Член 22

Во членот 124 зборовите: „на соодветната изборна единица" се заменуваат со зборовите: „на нејзината територија".

Член 23

Во член 125 во ставот (2) зборовите: „ во изборната единица" се заменуваат со зборот: „на територијата", а зборовите: „на ниво на изборна единица" се бришат

Член 24

Во член 127 во ставот (1) зборовите: „во изборните единици" се заменуваат со зборовите: „во единствената изборна единица".

Ставот (3) се менува и гласи:

„Државната изборна комисија ги утврдува резултатите според бројот на вкупните гласови што ги добиле листите на кандидати одделно врз основа на сумираните резултати од општинската изборна комисија за избирачките места на територијата за која е надлежна".

Во ставот (4) по зборот „формула” се додаваат зборовите: „и мандатите се доделуваат на кандидатите врз основа на бројот на добиените преференцијални гласови во рамките на секоја листа.” и се додава нова реченица која гласи: „

Во ставот (5) зборовите: „места во изборната единица" се заменуваат со зборовите: „места во единствената изборна единица".

Во ставот (6) зборовите: „изборната единица" се заменуваат со зборовите: „единствената изборна единица".

Ставот (10) се менува и гласи:

„Од листата на кандидати се избрани кандидатите кои добиле најмногу преференцијални гласови, при што се земаат предвид само оние кои добиле минимум 3% преференцијални гласови од гласовите кои ги освоила нивната поединечна листа.”.

По ставот (10) се додаваат 2 нови ставови (11) и (12) кои гласат:

„(11) Доколку нема доволно кандидати кои го освоиле потребниот минимум од 3% преференцијални гласови за поделбата на освоените мандати на поединечна листа, останатите мандати се делат според редоследот на кандидатите на листата.”.

„(12) Доколку два или повеќе кандидати добијат ист број преференцијални гласови за последното место, предност има кандидатот со повисок редослед на листата.

Член 25

Во член 127-а став (4) по зборот „формула” се додаваат зборовите: „и мандатите се доделуваат на кандидатите врз основа на бројот на добиените преференцијални гласови во рамките на секоја листа.”.

Член 26

Во член 128 ставот (1) се менува и гласи:

„Државната изборна комисија за утврдувањето на резултатите од гласањето составува записник".

Во став (2) во алинеата два зборовите: „за изборната единица" се заменуваат со зборовите: „за единствената изборна единица".

Член 27

Во членот 130 ставот (5) по зборот „формула” се додаваат зборовите: „и мандатите се доделуваат на кандидатите врз основа на бројот на добиените преференцијални гласови во рамките на секоја листа.”.

Ставот (11) се менува и гласи:

„Од листата на кандидати се избрани кандидатите кои добиле најмногу преференцијални гласови, при што се земаат предвид само оние кои добиле минимум 5% преференцијални гласови од гласовите кои ги освоила нивната поединечна листа.”.

По ставот (11) се додаваат 2 нови ставови (12) и (13) кои гласат:

„(12) Доколку нема доволно кандидати кои го освоиле потребниот минимум од 5% преференцијални гласови за поделбата на освоените мандати на поединечна листа, останатите мандати се делат според редоследот на кандидатите на листата.”.

„(13) Доколку два или повеќе кандидати добијат ист број преференцијални гласови за последното место, предност има кандидатот со повисок редослед на листата.

Член 28

Во член 151 во ставот (3) зборовите: „изборна единица " се заменуваат со зборовите:„ единствената изборна единица“.

Член 29

Член 154 се брише.

Член 30

Во членот 167 зборовите: „број на изборна единица” се бришат.

Член 31

Во член 175 во ставот (1) во воведната реченица зборот: „седум" се заменува со зборот: „две", а во табелата зборовите: „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 2", „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 3“, „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 4“, „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 5" и „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 6" се бришат.

Во ставот (2) во алинеата еден зборовите: „Изборна единица број 7" се заменуваат со зборовите: „Изборна единица број 2".

Член 32

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик содржи 32 члена.

Со членот 1 се врши техничко усогласување на постоечкиот законик со измените во предлогот на закон.

Со членот 2 се врши техничко усогласување со предлог измените и се додаваат две нови точки во поимникот на законот со кои се дефинираат поимите „Отворени листи“ и „Преференцијално гласање”.

Со членот 3 се врши редефинирање на постојниот изборен модел за поделба на територијата на Република Северна Македонија на шест изборни единици и истиот се заменува со пропорционалниот модел со преференцијално гласање (отворени листи), при што територијата на Република Северна Македонија претставува една изборна единица утврдена со овој законик и 3 пратеници се избираат во една изборна единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија.

Со членовите 4, 5, 6, 7, 8 , 9, 10 и 11 се врши техничко усогласување со предложените измени кои произлегуваат од менување на постојниот изборен модел за поделба на територијата на Република Северна Македонија од шест изборни единици на една изборна единица.

Со членот 12 се врши измена во член 61 став (1) со кој се уредува дека кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи, потребно е да се соберат најмалку 1% потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на изборната единица. Со предложената измена, наместо досегашниот услов од 1% потписи, се предлага собирање на најмалку 1 000 потписи со цел овозможување на повеќе групи на граѓани полесно да се кандидираат,вбез да се жртвува потребата од легитимна поддршка. Фиксниот праг од 1.000 потписи обезбедува еднаков и предвидлив услов, без оглед на вкупниот број избирачи, и овозможува реална шанса за независни и нови кандидати. Ваквото законско решение, дополнително ја олеснува кандидатурата на лица со локална или граѓанска поддршка, кои можат да добијат преференцијални гласови иако немаат голема политичка инфраструктура. Ова директно придонесува за разновидност во изборот и правична застапеност.

Со членот 13 се врши измена во член 63, каде е уредена постапката на собирање на потписи за предлагање на кандидат, поточно во став (3) каде е утврдено дека собирањето на потписи започнува десеттиот ден од денот на распишувањето на изборите и трае 15 дена. Во таа насока, предлагаме зголемување на рокот од 15 на 30 дена со цел овозможување на вистинска можност за учество во изборите на кандидатите кои немаат партиска структура или финансиска и логистичка поддршка. Исто така, земајќи во предвид дека собирањето на потписи треба да се изврши според точно утврдена формализирана процедура, повеќе време значи поголема правна сигурност и помалку технички грешки, кои инаку би довеле до поништување на потписи.

Краткиот 15-дневен рок ги фаворизира кандидатите со брз пристап до финансии, мрежи и платформи, а ги ограничува новите и независните. Продолжување на рокот е чекор кон подемократски и поправичен систем кој овозможува израмнување на условите меѓу кандидати со различни ресурси.

Со членот 14 се уредува содржината на поднесената листа на кандидати за пратеници и примена на принципот на паритет во застапеност на жени и мажи, со наизменичен распоред во поднесената листа на кандидати за пратеници и за членови на совет на општината и градот Скопје. Имено, разликата помеѓу мажите и жените во листата за пратеници и за членови на совет на општината и градот Скопје, не смее да биде поголема од 1. Оваа измена се предлага со цел да се постигне реална родова еднаквост и балансирана политичка застапеност на жените и мажите во претставничките тела.

Со членовите 15, 16, 17 и 18 се врши техничко усогласување со предложените измени кои произлегуваат од менување на постојниот изборен модел за поделба на територијата на Република Северна Македонија од шест изборни единици на една изборна единица.

Со членовите 19 и 20 се допрецизира содржината на гласачкото ливче за избор на пратеници, односно за избор на членови на совет согласно предложените измени. Истата се дополнува со: реден број и назив на секоја изборна листа и имињата и презимињата на кандидатите на листата, подредени според редоследот утврден од подносителот на листата.

Со членот 21 се уредува начинот на гласање, дали и кога гласот е важечки во таксативно наведени случаи, односно кога гласот важи само за носителот на листата, кога ливчето се смета за важечко и за листата и за преференцијалниот глас од таа листа и во кои случаи ливчето се смета за неважечко.

Со членовите 22 и 23 се врши техничко усогласување со предложените измени кои произлегуваат од менување на постојниот изборен модел за поделба на територијата на Република Северна Македонија од шест изборни единици на една изборна единица.

Со членот 24 се дополнува член 127 став (4) од Изборниот законик со кој е утврдено дека утврдувањето на резултатите од изборите се врши со примена на Д'Хондтовата формула. Согласно досега наведените измени, предлагаме дополнување на овој став со појаснување на начинот на распределба на мандатите на кандидатите- врз основа на бројот на добиените преференцијални гласови во рамките на секоја листа. Дополнително, во ставот (10) на истиот член е утврден условот за избор за кандидатите, односно од листата на кандидати се избрани кандидатите кои добиле најмногу преференцијални гласови, при што се земаат предвид само оние кои добиле минимум 3% преференцијални гласови од гласовите кои ги освоила нивната поединечна листа. Членот се дополнува со два нови ставови (11) и (12) кои ги уредуваат случаите за распределба на мандати доколку нема доволно кандидати кои го освоиле потребниот минимум од 3% преференцијални гласови и доколку два или повеќе кандидати добијат ист број преференцијални гласови за последното место. Имено, во првиот случај, останатите мандати се делат според редоследот на кандидатите на листата а во вториот предност има кандидатот со повисок редослед на листата.

Со членот 25 се врши дополнување на член 127-а, став (4) во однос на сумирање на резултатите од гласањето во изборната единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија. Дополнувањето е во однос на распределбата на мандатите, односно, мандатите се доделуваат на кандидатите врз основа на бројот на добиените преференцијални гласови во рамките на секоја листа.

Со членот 26 се врши техничко усогласување согласно предложените измени,

Со членот 27 се врши измена во член 130 став (5) од Изборниот законик, со кој е утврдено дека распределбата на мандатите од гласањето за избор на членови на совет се врши со примена на Д'Хондтовата формула. Согласно досега наведените измени, предлагаме дополнување на овој став со појаснување на начинот на распределба на мандатите на кандидатите- врз основа на бројот на добиените преференцијални гласови во рамките на секоја листа. Дополнително, во ставот (11) на истиот член е утврден условот за избор за кандидатите, односно од листата на кандидати се избрани кандидатите кои

добиле најмногу преференцијални гласови, при што се земаат предвид само оние кои добиле минимум 5% преференцијални гласови од гласовите кои ги освоила нивната поединечна листа. Членот се дополнува со два нови ставови (11) и (12) кои ги уредуваат случаите за распределба на мандати доколку нема доволно кандидати кои го освоиле потребниот минимум од 5% преференцијални гласови и доколку два или повеќе кандидати добијат ист број преференцијални гласови за последното место. Имено, во првиот случај, останатите мандати се делат според редоследот на кандидатите на листата а во вториот предност има кандидатот со повисок редослед на листата.

Со членот 28 се врши техничко усогласување согласно предложените измени.

Со членот 29 се брише членот 154.

Со членовите 30 и 31 се врши техничко усогласување согласно предложените измени.

Со членот 32 се уредува влегувањето во сила на предлог законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените законски решенија ќе придонесат кон зголемена вклученост на граѓаните во изборниот процес, особено преку унапредување на можноста за учество на независни кандидати и граѓански иницијативи. Воведувањето фиксен праг од 1.000 потписи за поднесување листа во рамки на изборната единица, како и продолжувањето на рокот за собирање потписи на 30 дена, ќе ги намали административните пречки и ќе создаде поправични услови за сите учесници, независно од политичка или финансиска моќ. Со тоа се поттикнува политичкиот плурализам и се овозможува поширок опсег на избор за граѓаните.

Воведувањето на пропорционален изборен модел со преференцијално гласање (т.н. отворени листи), во рамки на една изборна единица што ја опфаќа целата територија на Република Северна Македонија, има за цел да ја зајакне врската помеѓу избраните претставници и граѓаните.

Со овој модел, граѓаните не гласаат само за политичка листа, туку и директно го определуваат редоследот на кандидатите со давање преференцијални гласови, што овозможува поголема персонализација на политичката одговорност. Истовремено, наизменичниот распоред на жени и мажи на листите и принципот на родов паритет ќе гарантираат правична застапеност на половите. Овие мерки заедно ќе придонесат за повисока демократичност, транспарентност и доверба во изборниот процес.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ
ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК КОИ СЕ МЕНУВААТ

**Член 1**

Со овој законик се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на претседател на Република Македонија (во натамошниот текст: претседател на Републиката), за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: пратеници), за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје (во натамошниот текст: членови на советите), за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје (во натамошниот текст: градоначалник), начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

**Член 2**

Определени поими во овој законик го имаат следново значење:

1. ‶Избирачко право‶ има секој државјанин на Република Македонија со наполнети 18 години живот и деловно способен;
2. ″Избирачкиот список″ е јавна исправа во која се запишани граѓаните со избирачко право;
3. ‶Изборни органи‶ се органите надлежни за спроведување на изборите утврдени со овој законик;
4. ″Член на изборен орган ‶ се претседателот, членовите и нивните заменици кои ги сочинуваат изборните органи и ги спроведуваат изборните дејствија;
5. ‶Подносител на листа‶ се регистрираните политички партии или нивни коалиции регистрирани во Државната изборна комисија, група избирачи и пратеници;
6. ‶Кандидат‶ е државјанин на Република Македонија утврден од надлежната изборна комисија во согласност со овој законик, за кој ќе се гласа на избори;
7. ‶Независен кандидат‶ е кандидат за избор на претседател на Републиката, пратеник, градоначалник или член на совет кој е поддржан од ‶група избирачи‶;
8. ‶Политичка партија‶ е регистрирана политичка партија во согласност со закон;
9. "Позицијата" ја сочинуваат политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
10. "Опозицијата" ја сочинуваат политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
11. ‶Овластен претставник‶ е лице ополномоштено од еден регистриран кандидат, политичка партија или коалиција за застапување на нивните интереси пред изборните органи;

12. "Коалиција" е здружување врз основа на договор на две или повеќе регистрирани политички партии за заедничко настапување за време на одржување

на избори;
13. "Изборна кампања" е јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори;
14. "Учесник во изборна кампања" е овластено лице од политичка партија, коалиција или група избирачи кои ја организираат изборната кампања;
15. "Набљудувачи" се претставници на домашни и странски регистрирани здруженија на граѓани кои имаат овластување од Државната изборна комисија за набљудување на изборите;
16. „Дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија" се претставништва на Република Македонија во други држави и во меѓународни организации кои вршат работи утврдени со закон;
17. „Државјани на Република Македонија на привремена работа или престој во странство", во смисла на овој закон, се државјани на Република Македонија кои имаат пријавено последно живеалиште во Република Македонија, а на денот на изборите привремено престојуваат во странство повеќе од три месеци или се на привремена работа или престој во странство повеќе од една година согласно со евиденцијата од надлежен орган;
18. "Вработените во јавната администрација" ја сочинуваат категоријата на лица вработени во дејностите образование, здравство, култура, наука и социјална заштита, а кои според закон вршат задачи од јавен интерес;
19. "Вработените во државната, општинската администрација и администрацијата на градот Скопје" ја сочинуваат категоријата на лица со статус на државен службеник во согласност со закон и
20. "Изборна администрација" ја сочинуваат вработените во стручната служба на Државната изборна комисија, членовите на изборните органи, секретарите на општинските изборни комисии, нивните заменици и други лица времено ангажирани за изборен процес во помошните тела на Државната изборна комисија.
21. "Изборен процес" е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, градот Скопје, односно изборната единица каде што се врши изборот;
22. "Облици на изборно медиумско претставување" се дневно-информативните емисии, програмите што им овозможуваат директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, и посебните информативни емисии;
23. "Дневно-информативни емисии" се сите изданија на радио и на телевизиските вести и дневници;
24. "Директен пристап до избирачите" се облиците на бесплатно политичко претставување и на платено политичко рекламирање, преку кои учесниците во изборната кампања слободно ги промовираат своите програми, ставови и кандидати;

25. "Бесплатно политичко претставување" е директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кој слободно и без паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставови и кандидати;
26. "Платено политичко рекламирање" е директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кој за паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставови и кандидати. Видови на платено политичко рекламирање се огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни на учесниците во изборната кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на учесниците во изборната кампања;
27. "Посебни информативни програми" се програми наменети за информирање на граѓаните за начинот и за техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право и информативно-политички програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања: актуелно информативни програми, актуелно информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми и
28. "Изборно медиумско претставување" е промовирање (непосредно или посредно) на ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и друго на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници.
29. „Случаи на итни и неодложни работи" се вработувањата на определно време заради: замена на отсутен работник поради подолго боледување или отсуство, смрт на вработен, изведување сезонски работи за кои однапред е утврден потребниот број на лица и се обезбедени средства со годишните програми, како и вработување на определено време на наставен кадар за непречено одвивање на образовниот процес.

**Член 4**

(1) Избор на претседател на Републиката се врши на територијата на Република Македонија и во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија, како една изборна единица според мнозинскиот модел.

(2) Во Собранието на Република Македонија се избираат од 120 до 123 пратеници, од кои 120 пратеници се избираат според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици утврдени со овој законик и во секоја се избираат по 20 пратеници и 3 пратеници се избираат според пропорционалниот модел во една изборна единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија.

(3) Првиот пратеник во изборната единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија е избран доколку листата на кандидати за пратеници освоила најмалку онолкав број на гласови со кои што е избран пратеник со најмал број на гласови во изборните единици во Република Македонија на последните парламентарни избори во Република Македонија.

(4) Вториот пратеник во изборната единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија е избран доколку листата на кандидати за пратеници освоила двојно поголем број на гласови од бројот на

гласови со кои што е избран пратеник со најмал број на гласови во изборните единици во Република Македонија на последните парламентарни избори во Република Македонија.

(5) Третиот пратеник во изборната единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија е избран доколку листата на кандидати за пратеници освоила тројно поголем број на гласови од бројот на гласови со кои што е избран пратеник со најмал број на гласови во изборните единици во Република Македонија на последните парламентарни избори во Република Македонија.

(6) Доколку во изборната единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија, ниту една од листите на пратеници не го добила потребниот број на гласови утврден во ставот (3) на овој член, не се избира ниту еден пратеник.

(7) Во изборните единици во Република Македонија бројот на избирачите може да отстапува најмногу од минус 5% до плус 5% во однос на просечниот број на избирачи во изборната единица.

(8) Изборот на членови на советите се врши на подрачјето на општината, односно градот Скопје според пропорционалниот модел.

(9) Изборот за градоначалник се врши на подрачјето на општината, односно градот Скопје според мнозинскиот модел.__

## 5. Право да избира и да биде избран
## Член 6

(1) Право да избира има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години живот и има деловна способност и е со постојано живеалиште во изборната единица, општината, односно градот Скопје каде што се врши изборот.

(2) Државјаните на Република Македонија кои на денот на изборите се на привремена работа или престој во странство, а се запишани во Избирачкиот список врз основа на евиденцијата од надлежниот орган и пријава за гласање, гласаат за избор на претседател на Републиката и за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство односно конзуларни канцеларии, во согласност со одредбите на овој законик.

## 5. Предлагање на претставник на подносителот на листата
## Член 22

(1) Секој подносител на листа на кандидатите за избор на претседател на Републиката, пратеници, членови на совет и градоначалник има право да определи претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата во изборните органи од започнувањето на изборите се до утврдувањето и објавувањето на резултатите.

(2) Секој подносител на листа на кандидати за избор на претседател на Републиката или пратеници за гласањето во изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија определува овластен претставник и негов заменик во Република Македонија кои ќе ја следат работата на

изборните органи од започнувањето на изборите се до утврдувањето и објавувањето на конечните резултати.

(3) Овластен претставник и негов заменик пред изборните органи од ставовите (1) и (2) на овој член не може да биде лице утврдено за кандидат.

(4) Подносителот на листата на претставникот му издава овластување и за тоа ги известува изборните органи најдоцна два дена пред денот на изборите.

(5) Претставникот на подносителот на листата на седницата на изборните органи, може да предупреди за неправилности во нивната работа, а доколку не биде прифатено предупредувањето, може да побара тоа да биде внесено во записникот.

(6) Овластениот претставник на подносителот на листата е должен да носи беџ со бројот на избирачкото место за кое е овластен да врши набљудување.

(7) Овластениот претставник на подносителот на листата има право на седница на изборен орган да побара и да изврши целосен увид во целокупната документација на изборниот орган.

## 8.3. Надлежности на Државната изборна комисија

## Член 31

(1) Државната изборна комисија се грижи за законитоста во подготовката и спроведување на изборите во согласност со овој законик и врши надзор над работата на изборните органи.

(2) Државната изборна комисија:

1) бара податоци од надлежните органи за вработените во државната, општинската и администрацијата на градот Скопје, како и за јавната администрација и го именува составот на општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје;

2) дава упатства, појаснувања и препораки за примената на одредбите на овој законик и други закони кои се однесуваат на прашањата поврзани со изборите;

3) го разрешува секој член на изборен орган во случај на против законско работење;

4) ја контролира законитоста во работата на изборните органи и презема мерки кога е констатирана повреда на законитоста во подготовките, постапката на кандидирањето, спроведувањето и утврдувањето на резултатите на изборите, како и во спроведување на упатствата и препораките дадени од неа;

4-а) Бара податоци од надлежните институции заради проверка дали кандидатите ги исполнуваат условите утврдени со Уставот и со овој законик;

5) ги потврдува и објавува листите на кандидати за избор на претседател и за избор на пратеници и со ждрепка го утврдува нивниот редослед;

5-а) со ждрепка го утврдува редоследот на единствената листа на кандидати за членови на совет, односно градоначалник;

6) донесува програма и востановува стандарди за задолжителна континуирана едукација на сите изборни органи и ја координира истата;

6-а) преку ЦКЕИ обезбедува континуирана обука за изборната администрација, гласачите, учесниците во изборниот процес, овластените претставници на подносителите на листи, медиумите, набљудувачите на изборите и за сите заинтересирани кои на каков било начин имаат учество во изборите;
7) врши задолжителна едукација на членовите на општинските изборни комисии односно Изборната комисија на градот Скопје пред секои избори и им издава уверенија на начин и во рокови пропишани со програмата;
8) го пропишува образецот на уверенијата за посетување на обуката на членовите на изборните органи;
9) определува единствени стандарди за изборниот материјал, се грижи за негово обезбедување и го пропишува видот на средството со кој се обележуваат и проверуваат лицата кои гласале (УВ ламби, спреј и графитно перниче);
10) пропишува обрасци за спроведување на изборите и обрасци за собирање на потписи од избирачи и пратеници за предлагање на кандидати и ги објавува во "Службен весник на Република Македонија";
11) го определува начинот на ракување и чување на изборниот материјал;
12) ги утврдува квалитетот, формата, големината, бојата и сериските броеви на гласачките ливчиња;
13) го организира печатењето на гласачките ливчиња и листите на кандидати и набавка на системот за идентификација на избирачот;
14) го предава, прима и чува изборниот материјал од и на општинските изборни комисии односно Изборната комисија на градот Скопје;
14-а) го чува изборниот материјал од изборите за претседател на Републиката, за пратеници во Собранието на Република Македонија и референдум на државно ниво;
15) ја информира и едуцира јавноста за начинот на гласање и за остварување на избирачкото право;
16) донесува кодекс за правилата за набљудување на изборите на домашни и странски набљудувачи во согласност со меѓународните стандарди и им обезбедува исправи за идентификација;
17) врши контрола на гласачките места на денот на спроведувањето на изборите каде што се пријавени неправилности при гласањето;
18) ги потврдува со решение усвоените листи на кандидати или ги отфрла доколку не се составени согласно со одредбите на овој законик;
19) донесува правилник со кој се утврдуваат критериумите за начинот и постапката за изборот и разрешување на претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во изборните органи;
19-а) Дава податоци за одзивот на гласачите за време на гласањето, во временски интервал не подолг од два часа;
20) ги сумира и утврдува резултатите од гласањето за листите на кандидати на ниво на изборна единица;

21) ги објавува првичните резултати од спроведените избори за претседател на Републиката, за пратеници, за советници и за градоначалник врз основа на податоците од записниците од изборните органи;
22) ги објавува конечните резултати од спроведените избори;
23) издава уверенија на кандидатот избран за претседател на Републиката и кандидатите избрани за пратеници;
24) донесува правилник и упатство за надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација, врз основа на бројот на избирачи, видот, сложеноста, како и обемот на работите и времетраењето за нивното извршување;
25) до Собранието поднесува извештај за спроведените избори во рок од 45 дена од денот на објавувањето на конечните резултати од изборите на ниво на општина, градот Скопје, односно изборна единица каде што се врши изборот и финансиски преглед и го објавува на својата интернет страница;
26) врши распределба на надоместокот на трошоците на избраните кандидати по доставениот финансиски извештај и го објавува на својата интернет страница;
27) го донесува актот за организација и систематизација на стручната служба на Државната изборна комисија во рамките на која се организира и систематизира правна служба и формира помошни тела;
28) ги објавува во дневниот печат описите на избирачките места;
28-а) воспоставува електронски систем за управување со предмети и приговори;
28-б) единствено е надлежна за водење на Избирачкиот список;
28-в) обезбедува електронски пристап до Избирачкиот список согласно со овој законик и на начин пропишан со прописите донесени врз основа на овој законик;
28-г) го објавува Избирачкиот список на својата веб-страница со податоци за име и презиме на избирачите;
28-д) еднаш месечно Државната изборна комисија го ажурира Избирачкиот список врз основа на известувања за промени на податоци на граѓаните. На секои шест месеци Државната изборна комисија јавно ги повикува граѓаните да извршат увид во своите податоци и доколку сметаат дека е потребно, да побараат измена на истите;
28-ѓ) секој член на Државната изборна комисија, заради утврдување на недоследности во податоците на Избирачкиот список и проверка на неговата веродостојност, има право да побара од Државната изборна комисија да ја овласти правната служба да изврши увид во евиденцијата на Министерството за внатрешни работи за издавање на биометриски исправи, како и во базите на податоци и евиденции на граѓани на други државни органи и институции, во постапка утврдена со законски, односно подзаконски акт и во рок од пет работни дена да добие писмено известување од истата за извршените проверки;

28-е) Државната изборна комисија усвојува Правилник за методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка. Државната изборна комисија го усвојува правилникот од точка 28-е по претходна согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија;
28-ж) Државната изборна комисија усвојува Правилник за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренски проверки заради ажурирање на истиот. Државната изборна комисија го усвојува правилникот од точка 28-ж по претходна согласност на четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија;
29) врши евиденција на избирачкото право и се грижи за заштитата на личните податоци на граѓаните содржани во Избирачкиот список;
30) врши проверка на интегритетот на базата на податоци на Избирачкиот список;
31) го потпишува Избирачкиот список, односно изводите од Избирачкиот список на кои се гласа најдоцна 15 дена пред денот на одржувањето на изборите;
32) остварува контакти со меѓународните асоцијации и организации кои имаат овластување да ги набљудуваат изборите, односно референдум на државно ниво, за прашања во врска со Избирачкиот список;
33) доставува податоци на јавните гласила за бројот на избирачите запишани во потпишаниот Избирачки список, односно изводите;
34) донесува Деловник со кој го уредува начинот на работата и одлучувањето на членовите на Државната изборна комисија;
34-а) Државната изборна комисија работи на седници ако на истите присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови;
34-б) Државната изборна комисија донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на комисијата. При одлучувањето членовите на Државната изборна комисија ќе се изјаснат со „за‟ или „против‟. Не е дозволено изјаснување со ‟воздржан" и во случај на такво изјаснување, таквиот глас ќе се смета како изјаснување ‟против";
34-в) одлука на Државната изборна комисија се смета за донесена доколку за истата гласале мнозинството од вкупниот број на членови на комисијата, освен во случајот определен во точките 34 –г и 34 – ѓ на овој член;
34-г) во случај кога предлог–одлуката се однесува на интереси на немнозинска заедница, пред ставање на предлог-одлуката на гласање, кој било член на Државната изборна комисија кој припаѓа на немнозинската заедница има право да побара Државната изборна комисија да одлучува по таквата предлог–одлука со консензус;

34-д) во случајот предвиден со точка 34 – г на овој член, предлог–одлуката ќе биде доставена на повторно разгледување до правната служба и од истата ќе биде побарана стручно мислење и препорака;
34-ѓ) членот на Државната изборна комисија од точка 34 – г на овој член и членот односно членовите на Државната изборна комисија кои што имаат спротивставено мислење ќе се советуваат со правната служба во рок од еден работен ден од поднесувањето на барањето од точка 34 – г на овој член. Овие членови на Државната изборна комисија, во рок од два работни дена, ќе предложат дополнета и образложена одлука. За да се смета за донесена, поднесената предлог–одлука мора да биде изгласана со консензус од страна на Државната изборна комисија;
34-е) доколку во рок од два работни дена, во смисла на точката 34 – ѓ), не биде постигнат консензус по однос на предлог-одлуката и не биде донесена одлука со консензус од страна на Државната изборна комисија, се смета дека одлуката не е донесена и против истата е дозволена тужба пред Управниот суд;
34-ж) против одлуката на Управниот суд, само во случај на точките 34 – г), 34– ѓ) и 34 - е) е дозволена право на жалба пред Вишиот управен суд. Вишиот управен суд по поднесената жалба одлучува во роковите утврдени со овој Законик во рамките на кои одлучува Управниот суд;
34-з) на начинот и постапката на одлучување предвидени во точката 34-ѓ) на овој член не се применуваат роковите предвидени во членовите од 147 до 149 од овој Законик.
34-ѕ) Членот на Државната изборна комисија што гласал против одлуката од точка 34-а) или што смета дека таа треба да се заснова на други правни и фактички основи, може да го издвои своето мислење и писмено да го образложи. Издвоеното мислење е прилог на одлуката на Државната изборна комисија;
35) одлучува по приговори врз основа на увид во изборниот материјал и други докази;
36) во соработка со Министерството за внатрешни работи донесува правилник за начинот на постапување на полицијата за време на спроведување на изборите;
37) донесува упатство за решавање по приговори и жалби;
38) го следи започнувањето и завршувањето на изборната кампања и презема мерки предвидени со овој законик;
39) го пропишува образецот за пријава за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии;
40) ги избира и формира избирачките одбори за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии и избирачки одбор за гласање на членовите на избирачките одбори во ДКП, односно конзуларните канцеларии;
40-а) донесува Упатство за организирање на гласањето на членовите на избирачките одбори во ДКП, односно конзуларните канцеларии;

41) го предава и го прима изборниот материјал на и од избирачките одбори за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии, преку Министерството за надворешни работи;
42) ги сумира и утврдува резултатите од гласањето за листата на кандидат за избор на тројца пратеници од изборната единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија;
43) пополнува и доставува статистички податоци за потребите на Државниот завод за статистика на Република Македонија и
43-а) јавно ги објавува ценовниците на радиодифузерите и печатените медиуми на својата интернет страница.
43-б) за своите седници води записници и усвоените записници ги објавува на својата веб страница во рок од 48 часа од денот на усвојувањето;
43-в) по потреба формира постојани или повремени стручни работни групи, составени од надворешни експерти со конкретни овластувања за време на изборен процес и за редовно работење за потребите на ДИК, за што со посебен акт определува надоместок;
43-г) за потреби за изборите може да ангажира изборна администрација и обучувачи надвор од изборен процес, за што институциите каде што се вработени овие лица се должни да ги ослободат од работни обврски;
44) врши и други работи утврдени со овој законик.

(3) Седниците на Државната изборна комисија се јавни.

(4) Државната изборна комисија покренува иницијатива за дисциплинска постапка, поднесува барање за поведување прекршочна постапка, или поднесува кривична пријава до надлежниот орган, при постоење на основи на сомнение дека е сторена повреда на одредбите на овој Законик.

(5) Обрасците и целокупниот изборен материјал за општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се печатат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во таа општина.

(6) Обрасците и целокупниот изборен материјал за изборните единици број 7, 8 и 9 од овој закон, во кои најмалку 20% од запишаните гласачи во избирачкиот список за таа изборна единица зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се печатат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го зборуваат најмалку 20% од запишаните гласачи во избирачкиот список за таа изборна единица.

(7) Право да присуствуваат при работата и одлучувањето на Државната изборна комисија имаат овластените претставници на подносителите на листи, по чии приговори се одлучува.

## Член 33

(1) Општински изборни комисии се формираат во:

| Општините со | Општините со | Општини во градот Скопје |
|---|---|---|

| седиште во град | седиште во село | |
|---|---|---|
| 1) општина Берово<br>2) општина Битола<br>3) општина Богданци<br>4) општина Валандово<br>5) општина Велес<br>6) општина Виница<br>7) општина Гевгелија<br>8) општина Гостивар<br>9) општина Дебар<br>10) општина Делчево<br>11) општина Демир Капија<br>12) општина Демир Хисар<br>13) општина Кавадарци<br>14) општина Кичево<br>15) општина Кочани<br>16) општина Кратово<br>17) општина Крива Паланка<br>18) општина Крушево<br>19) општина Куманово<br>20) општина Македонска Каменица<br>21) општина | 34) општина Арачиново<br>35) општина Босилово<br>36) општина Брвеница<br>37) општина Василево<br>38) општина Вевчани<br>39) општина Врапчиште<br>40) општина Градско<br>41) општина Дебарца<br>42) општина Дојран<br>43) општина Долнени<br>44) општина Желино<br>45) општина Зелениково<br>46) општина Зрновци<br>47) општина Илинден<br>48) општина Јегуновце<br>49) општина Боговиње<br>50) општина Карбинци<br>51) општина Конче<br>52) општина Кривогаштани<br>53) општина Липково<br>54) општина Лозово<br>55) општина | 71) општина Аеродром<br>72) општина Бутел<br>73) општина Гази Баба<br>74) општина Ѓорче Петров<br>75) општина Карпош<br>76) општина Кисела Вода<br>77) општина Сарај<br>78) општина Центар<br>79) општина Чаир<br>80) општина Шуто Оризари<br>81) градот Скопје (оваа изборна комисија се формира само за спроведување на избори за градоначалник и членови на Советот на градот Скопје) |

| | | |
|---|---|---|
| Македонски Брод<br>22) општина<br>Неготино<br>23) општина<br>Охрид<br>24) општина<br>Пехчево<br>25) општина<br>Прилеп<br>26) општина<br>Пробиштип<br>27) општина<br>Радовиш<br>28) општина<br>Ресен<br>29) општина<br>Свети Николе<br>30) општина<br>Струга<br>31) општина<br>Струмица<br>32) општина<br>Тетово<br>33) општина<br>Штип | Маврово и<br>Ростуша<br>56) општина<br>Могила<br>57) општина<br>Новаци<br>58) општина<br>Ново Село<br>59) општина<br>Петровец<br>60) општина<br>Пласница<br>61) општина<br>Ранковце<br>62) општина<br>Росоман<br>63) општина<br>Сопиште<br>64) општина<br>Старо<br>Нагоричане<br>65) општина<br>Студеничани<br>66) општина<br>Теарце<br>67) општина<br>Центар Жупа<br>68) општина<br>Чашка<br>69) општина<br>Чешиново Облешево<br>70) општина<br>Чучер - Сандево | |

(2) Општинските изборни комисии се со седиште во општините утврдени во ставот (1) на овој член и се надлежни за спроведување на изборните дејствија во изборните единици и избирачките места определени со овој законик.

## 9.2. Надлежност на општинската изборна комисија и Изборната комисија на градот Скопје

## Член 37

(1) Општинската изборна комисија и Изборната комисија на градот Скопје се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборите во согласност со овој законик и врши надзор на работата на избирачките одбори.

(2) Општинската изборна комисија и Изборната комисија на градот Скопје:
1) го именува составот на избирачките одбори со решение и со депонирани потписи на членовите го доставува до Државната изборна комисија;
2) ги разрешува членовите на избирачкиот одбор во случај на нивно противзаконско работење пред денот на изборите и на денот на изборите;
3) дава упатство за работење на избирачките одбори;
3-а) Бара податоци од надлежните институции заради проверка дали кандидатите на кандидатските листи за локални избори ги исполонуваат условите утврдени со Уставот и со овој законик;
4) ги огласува утврдените листи за кандидати;
5) обезбедува организациска и техничка поддршка на ЦКЕИ при спроведувањето на обуките за членовите на избирачките одбори;
5-а) задолжително учествува на обуките организирани и спроведувани од ЦКЕИ;
6) презема технички подготовки за спроведување на изборите според упатствата и инструкциите на Државната изборна комисија;
7) ја контролира законитоста на работењето на избирачките одбори и интервенира во случаите кога е констатирана повреда на законитоста во подготовките, кандидирањето и спроведувањето и утврдувањето на резултатите на изборите, како и на упатствата и препораките дадени од неа;
8) изготвува извештај и го доставува до Државната изборна комисија;
9) ги информира граѓаните за местото на гласање;
10) ги евидентира и потврдува овластените претставници за следење на работата на општинската изборна комисија и на избирачките одбори и им издава беџови со бројот на избирачкото место на овластените претставници кои ќе ја следат работата на избирачките одбори.
11) ги предава и собира изборните материјали на и од избирачките одбори на начин утврден со овој законик;
12) по спроведените избори за претседател на Републиката ги сумира резултатите од гласањето на листата на кандидати, составува записник и заедно со целокупниот изборен материјал го доставува до Државната изборна комисија веднаш, а најдоцна до 12 часа од завршување на гласањето;
13) пополнува и доставува статистички податоци за потребите на Државниот завод за статистика;
14) по спроведувањето на изборите за пратеници во Собранието, врз основа на записниците од избирачките места, ги сумира резултатите според изборните единици за избирачките места за кои е таа надлежна и според нивната припадност на изборната единица;
15) во рок од пет часа од приемот на целокупниот изборен материјал од избирачките одбори ги сумира резултатите од гласањето за листата на кандидати
од избирачките места за кои е надлежна, составува записници и истите и ги предава на Државната изборна комисија;

16) одлучува по приговори во согласност со овој законик;
17) обезбедува доказни материјали при одлучување по правните лекови.
(3) При спроведување на локалните избори, Изборната комисија на градот Скопје ги врши надлежностите утврдени во ставот (2) на овој член, освен надлежностите утврдени во точките 1, 2, 3, 5, 10, 11, 12 и 14.
(4) При спроведувањето на локалните избори покрај надлежностите утврдени во ставовите (1) и (2) на овој член општинската изборна комисија и Изборната комисија на градот Скопје:
1) утврдува дали предложените листи на кандидати за избор на членови на совет и листата на кандидат за градоначалник се поднесени во согласност со овој законик;
2) ги потврдува листите на предложените кандидати;
3) го чува изборниот материјал од локалните избори;
4) ги утврдува резултатите од гласањето во општината и градот Скопје и на избраните кандидати за членови на советот, односно на избраниот градоначалник, им издава уверение за изборот веднаш по конечноста на изборите и
5) врши и други работи утврдени со овој законик.

## 1. Водење на Избирачкиот список
## Член 41

(1) Избирачкиот список го води Државната изборна комисија и е единствено надлежна за неговото ажурирање.

(2) Избирачкиот список се води според Регистарот на државјаните и Централниот регистар на население во вид на регистар на избирачи со автоматска обработка на податоците на магнетен медиум. Државната изборна комисија има пристап до базите на податоци на државните органи кои што располагаат со регистри на граѓани по различни основи.

(3) Личните податоци на граѓаните во Избирачкиот список се запишуваат на јазиците и писмата на кои се водат податоците во изворните евиденции, во согласност со закон.

(4) Во Избирачкиот список се запишуваат сите граѓани со наполнети 18 години живот заклучно со денот на изборите, согласно со актот за распишување на изборите, кои имаат живеалиште на територијата на Република Македонија.

(5) Во Избирачкиот список се запишуваат и сите државјани на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, со живеалиште на територијата на Република Македонија. Овие лица се запишуваат според нивното последно живеалиште во Република Македонија пред заминувањето во странство.

(6) Во Избирачкиот список не се запишуваат граѓаните на кои со правосилна судска одлука целосно им е одземена деловната способност или со правосилна судска одлука делумно им е одземена деловната способност при што судот утврдил дека лицето нема способност да изрази правно релевантна волја на избори.

(7) Во Избирачкиот список граѓаните се запишуваат според општината на чие подрачје имаат живеалиште.

(8) Од Избирачкиот список се изготвуваат изводи за секоја изборна единица, општина и избирачко место.

(9) За изборите што истовремено се спроведуваат, се издаваат толку потпишани изводи од Избирачкиот список за секое избирачко место колку што има видови избори, односно изборни кругови.

(10) Содржината на Избирачкиот список, односно изводите на денот на изборите (прв круг) не можат да се менуваат до завршувањето на изборите.

(11) Средствата за ажурирање и изготвување на Избирачкиот список се обезбедуваат од Буџетот на Државната изборна комисија согласно членот 26 ставови (7), (8) и (9).

## 9. Заштита на податоците во Избирачкиот список

### Член 55

(1) Личните податоци содржани во Избирачкиот список се заштитени во согласност со закон и не смеат да се употребуваат за ниедна друга цел, освен за остварување на избирачкото право на граѓаните во согласност со овој законик.

(2) На регистрираните политички партии и на независните кандидати, за изборната единица, односно општината во која учествуваат на избори, Државната изборна комисија по претходно писмено барање им дава во печатена форма или електронски облик на ЦД-ром податоци од потпишаниот или претходно подготвен извод од Избирачкиот список за секое избирачко место во кои се содржани податоците од членот 45 став (2) на овој законик освен лична фотографија и отпечаток од прст во рок од десет дена и изводите од Избирачкиот список за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии.

(3) Подносителите на барањето ги сносат реалните трошоци за изработка на податоците од Избирачкиот список во печатена или електронска форма.

(4) Регистрираните политички партии, коалициите и независните кандидати, односно овластените претставници и нивните заменици на подносителите на листа на кандидати не можат да ги користат избирачките списоци на денот на изборите за евидентирање на лицата кои гласале.

## Подносител на листа на кандидати за пратеници, членови на совет и градоначалник

### Член 60

(1) Право да поднесат листа на кандидати за пратеници, листа на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група избирачи (во натамошниот текст: подносител на листа).

(2) Во коалицијата која учествува на изборите може да учествуваат само регистрирани политички партии.

(3) Државната изборна комисија го утврдува субјективитетот на подносителот на листата на кандидати за избор на пратеници врз основа на договор на политичките партии кои настапуваат како коалиција на изборите.

(4) Општинската изборна комисија и Изборната комисија на град Скопје го утврдува субјективитетот на подносителот на листата на кандидати за избор на членови на совет и градоначалници врз основа на договор на политичките партии кои настапуваат како коалиција на изборите за избор на членови на совет и градоначалници.

(5) Договорот за коалицирање од ставовите (3) и (4) на овој член не може да го склучат граѓански организации и фондации и коалицијата не може да користи име и симбол на граѓанска организација или фондација.

(6) Договорот за коалицирање од ставовите (3) и (4) на овој член го склучуваат претставниците на политичките партии кои настапуваат заедно и тој го содржи името на коалицијата, симболот, општината/те, односно изборната/те единица/и во која настапуваат заедно.

(7) Листата на кандидати ја потпишува лично овластен претставник на подносителот на листата.

(8) Називот на листата се означува според името на подносителот на листата.

(9) Ако подносител на листата на кандидати е група избирачи, називот на листата се означува со „група избирачи" и името и презимето на кандидатот.

**Подносител на листа на кандидати за пратеници со собрани потписи**
**Член 61**

(1) Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи, е потребно да се соберат најмалку 1% потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на изборната единица.

(2) Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи од изборните единици за гласање во странство потребно е да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за тие изборни единици пред службените лица на ДКП, односно конзуларните канцеларии на образец пропишан од Државната изборна комисија.

**3. Постапка на собирање на потписи за предлагање на кандидат**
**Член 63**

(1) Потписите на избирачите во постапката на кандидирање се собираат пред службените лица на Државната изборна комисија и пред надлежен нотар на образец утврден од Државната изборна комисија, кој содржи име и презиме, постојано живеалиште, единствен матичен број на предложените кандидати, како и име и презиме и единствен матичен број на избирачот кој го потпишува предлогот. Подносителот на листа определува пред кои нотари ќе се собираат потписи и за тоа ја известува Државната изборна комисија. Државната изборна комисија на својата интернет страна објавува листа на нотари пред кои подносителите на листа собираат потписи.

(2) Државната изборна комисија со правилник ќе ја регулира постапката за собирање на потписи и начинот на определување на нотарите.

(3) Собирањето потписи согласно со одредбите на ставот 1 на овој член започнува десеттиот ден од денот на распишувањето на изборите и трае 15 дена. Трошоците за собирање на потписи пред нотар ги сноси подносителот на листата.

(4) Секој избирач својот потпис може да го даде за повеќе листи на кандидати за претседател на Републиката, кандидати за пратеници, за членови на совет и кандидат за градоначалник.

(5) Избирачите кои ја поднесуваат листата треба да имаат избирачко право и постојано живеалиште на подрачјето на изборната единица, општината, односно градот Скопје.

## 4. Содржина на листата што се поднесува

## Член 64

(1) Поднесената листа на кандидат за претседател на Републиката содржи: назив на листата, име и симболот ако го има на подносителот на листата, име и презиме на предложениот кандидат за претседател со означување на неговото постојано живеалиште и единствен матичен број на граѓанинот.

(2) Поднесената листа на кандидати за пратеници содржи: број на изборна единица, назив на листата, име и симболот ако го има на подносителот на листата, име и презиме на носителот на листата, име и презиме на секој кандидат за пратеник и содржи онолку кандидати колку што се избираат во изборната единица со означување на нивното постојано живеалиште, единствен матичен број на граѓанинот и изјава за припадност на одредена заедница.

(3) Поднесената листа на кандидати за членови на совет, односно листата на кандидат за градоначалник содржи: означување на советот на општината, односно градот Скопје за кои се врши изборот, назив на листата, име и симболот ако го има на подносителот на листата, име и презиме на носителот на листата, име и презиме на секој кандидат и содржи онолку кандидати колку што се избираат за членови на совет со означување на неговото постојано живеалиште и единствен матичен број на граѓанинот.

(4) Поднесената листа на кандидат за градоначалник содржи: име на општината, односно градот Скопје за кој се предлага, назив на листата, име и симболот ако го има на подносителот на листата, име и презиме на предложениот кандидат за градоначалник со означување на нивното постојано живеалиште и единствен матичен број на граѓанинот.

(5) Во поднесената листа на кандидати за пратеници од ставот (2) на овој член и за членови на совет на општината и градот Скопје од ставот (3) на овој член, најмалку 40% од кандидатите му припаѓаат на помалку застапениот пол и тоа на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места.

(6) Договорот за коалицирање, потврдата од Централниот регистар и решението од надлежниот суд за регистрација на политичката партија, кои се

доставуваат во прилог на поднесената листа на кандидати, се поднесуваат во оригинал или во копија заверена на нотар.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член договорот за коалицирање, потврдата од Централниот регистар и решението од надлежниот суд за политичката партија, кои се поднесуваат во прилог на поднесената листа на кандидати за избор на членови на совет, односно градоначалник, се поднесуваат во оригинал или копија. Доколку бидат поднесени во копија, оригиналот од договорот за коалицирање, потврдата од Централниот регистар и решението од надлежниот суд за политичката партија се депонира во Државната изборна комисија.

## Член 67-в

(1) Ако некој од кандидатите кои се предложени на потврдената кандидатска листа за избор на пратеници умре во периодот од денот на потврдувањето на кандидатските листи, политичката партија, односно коалицијата, кои го предложиле тој кандидат, можат на местото на истиот да предложат друг кандидат, а ако е предложен од страна на група на избирачи може наместо него да предложат друг кандидат без собирање на потписи во постапката за кандидирање утврдена со овој закон, најдоцна десет дена пред денот на одржувањето на изборите.

(2) Кандидатската листа заменета со нов кандидат согласно со ставот (1) на овој член се објавува на начин утврден со овој закон за објавување на единствената листа во рок од 24 часа од денот на извршената измена на кандидатот на кандидатската листа.

(3) Ако некој од потврдените кандидати на кандидатска листа умре во период пократок од десет дена пред денот на одржувањето на изборите, ќе се постапи на начин што кандидатот кој е починат, а е избран за пратеник ќе се замени со првиот нареден кандидат кој не е избран, а е предложен од политичката партија која ја предложила кандидатската листа, односно еден од наредните кандидати кој не е избран, а ќе го предложи носителот на коалицијата. Кандидатот кој починал, а е избран од независна листа во изборната единица се заменува со првиот нареден кандидат кој не е избран од таа листа.

## Член 68

(1) Редоследот на кандидати во листата на кандидат, односно редоследот на листите на кандидати Државната изборна комисија го утврдува со ждрепка и тој број е ист во сите изборни единици, односно општини, а во изборната единица односно општина кадешто нема да има свој претставник, соодветниот број на подносителот на листата да биде изоставен и на негово место да биде напишан редниот број на наредниот носител без оставање на празно место.

(2) Листа на кандидати за членови на совет и листа на кандидат за градоначалник кои се поднесени од ист подносител добиваат ист реден број во сите општини (или само во општината).

(3) Листите на кандидати предложени од коалиција предводена од една иста

политичка партија, без разлика на бројот на политичките партии во коалицијата во различни општини, односно изборни единици, имаат ист реден број во сите општини, односно во сите изборни единици.

(4) Доколку во ист период се одржуваат повеќе видови на избори, подносител на листа на кандидат/и чијшто реден број на гласачкото ливче е определен согласно со ставот (1) на овој член, може со писмена согласност да дозволи неговиот реден број да се користи истовремено на гласачкото ливче и за друга листа на кандидат/и за друг вид на избори, доколку кандидатот/ите се поддржани од иста политичка партија или коалиција и/или користат ист симбол, за што задолжително ја известуваат Државната изборна комисија.

(5) Општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје по потврдување на листите на кандидати за членови на совет и листите на кандидати за градоначалник ги доставува до Државната изборна комисија заради утврдување на редоследот во единствената листа на кандидати согласно со ставовите (1) и (2) на овој член.

## 9. Објавување на утврдените листи

### Член 69

(1) Државната изборна комисија утврдената единствена листа на кандидат за избор на претседател на Републиката ќе ја објави најдоцна 25 дена пред денот на одржувањето на изборите во "Службен весник на Република Македонија".

(2) Државната изборна комисија утврдените единствени листи на кандидати за пратеници во изборните единици ќе ги објави во дневниот печат од кој еден е на јазикот на заедницата што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, најдоцна 23 дена пред денот определен за одржување на изборите.

(3) Државната изборна комисија преку Министерството за надворешни работи во рок од 48 часа ќе ги достави до ДКП односно конзуларните канцеларии утврдените единствени листи заради јавно објавување.

(4) Општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје утврдените единствени листи на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник ќе ги огласи најдоцна 23 дена пред денот определен за одржување на изборите во сите населени места и на избирачките места во општината.

(5) Општинските изборни комисии односно Изборната комисија на градот Скопје утврдените единствени листи на кандидати за пратеници ќе ги објават во избирачките места во општините за кои се надлежни.

(6) Утврдените листи на кандидати во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се објавуваат покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа општина.

### Член 84

При финансирањето на изборната кампања, учесникот во изборната кампања може да потроши најмногу до 110 денари по запишан избирач во изборната

единица, односно општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на кандидат во првиот и вториот круг на гласање.

**За пратеници**

**Член 96**

(1) Делот од гласачкото ливче за гласање за избор на пратеници содржи:

- назив на гласачкото ливче, бројот на изборната единица, општината и бројот на гласачкото место,
- реден број, име и симбол (ако го има) на подносителот на листата и
- име и презиме на носителот на листата врз основа на податоците од матичната евиденција.

(2) Делот од гласачкото ливче кој останува на кочанот на блокот содржи сериски број на гласачкото ливче, бројот на изборната единица, општината и бројот на гласачкото место.

(3) Во називот на гласачкото ливче се содржани бројот на изборната единица и знамето на Република Македонија.

**За членови на совет**

**Член 97**

(1) Делот од гласачкото ливче за гласање за избор на членови на совет содржи:

- назив на гласачкото ливче, бројот на гласачкото место и општината,
- реден број, име и симбол (ако го има) на подносителот на листата и
- име и презиме на носителот на листата врз основа на податоците од матичната евиденција .

(2) Делот од гласачкото ливче кој останува на кочанот на блокот ги содржи серискиот број на гласачкото ливче, општината и бројот на гласачкото место.

(3) Во називот на гласачкото ливче за избор на членови на советот се содржи името на општината, односно градот Скопје за кои се врши изборот.

**Член 110**

Избирачот гласањето го врши на тој начин што го заокружува редниот број пред подносителот на листата, односно редниот број пред кандидатот за којшто се определил да гласа и гласачкото ливче преклопено го става во кутијата за гласање.

## 14. Сумирање и утврдување на резултатите од гласањето за избор на пратеници

**Член 124**

Општинската изборна комисија во рок од 5 часа од приемот на целокупниот изборен материјал од избирачките одбори за кои таа е надлежна ги сумира резултатите од гласањето за листите на кандидати од избирачките места на соодветната изборна единица.

**Записник за гласањето**

**Член 125**

(1) За својата работа општинската изборна комисија составува записник.

(2) Во записникот за гласањето се внесуваат податоци за сумираните гласови од гласањето, и тоа: редниот број на избирачките места во изборната единица за која е надлежна, вкупниот број на избирачи за тие избирачки места запишани во изводите од Избирачкиот список, вкупниот број на избирачи што гласале, вкупниот број на болни и немоќни лица кои гласале, вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња и вкупниот број на гласови што ги добила секоја листа на кандидати на ниво на изборна единица од избирачките места за кои таа општинска изборна комисија е надлежна.

## 15. Утврдување на резултатите и распределба на мандатите за избор на пратеници

**Член 127**

(1) Државната изборна комисија ги сумира и ги утврдува вкупните резултати од гласањето во изборните единици.

(2) Државната изборна комисија резултатите од гласањето ги утврдува врз основа на записниците со сумираните резултати од надлежната општинска изборна комисија и целокупниот изборен материјал.

(3) Државната изборна комисија резултатите ги утврдува одделно за секоја изборна единица, според бројот на вкупните гласови што ги добиле листите на кандидати одделно врз основа на сумираните резултати од општинската изборна комисија за избирачките места во изборната единица за која е надлежна.

(4) Утврдувањето на резултатите од изборите се врши со примена на Д'Хондт-овата формула.

(5) По утврдувањето на вкупниот број дадени гласови за тој број на кандидати во изборната единица (таканаречена избирачка маса), секоја листа одделно се дели со низот делители 1, 2, 3, 4 итн. сé додека не се распределат според определениот принцип сите пратенички места во изборната единица.

(6) Количниците од делењето од ставот (5) на овој член се редат по големина при што се релевантни онолку најголеми количници колку што се избираат пратеници во изборната единица.

(7) Листата на кандидати добива толкав број на пратенички места колку што има најголеми количници од бројот на количниците од ставот (6) на овој член.

(8) Ако во доделувањето на последното пратеничко место се јават два идентични количника, мандатот се доделува со ждрепка.

(9) При распределбата на пратеничките места за избрани се сметаат онолку кандидати колку што места добила листата.

(10) Од листата на кандидати се избрани кандидатите наведени во листата според утврдениот редослед.

**Член 127-а**

(1) Државната изборна комисија ги сумира и ги утврдува вкупните резултати од гласањето во изборната единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија.

(2) Државната изборна комисија резултатите од гласањето ги утврдува врз основа на записниците со сумираните резултати од ДКП, односно конзуларните канцеларии и целокупниот изборен материјал.

(3) Државната изборна комисија резултатите ги утврдува, според бројот на вкупните гласови што ги добиле листите на кандидати врз основа на сумираните резултати од ДКП, односно конзуларните канцеларии во изборната единица.

(4) Утврдувањето на резултатите од изборите се врши со примена на Д'Хондт-овата формула.

(5) По утврдувањето на вкупниот број дадени гласови за тој број на кандидати во изборната единица (таканаречена избирачка маса), секоја листа одделно се дели со низот делители 1, 2 и 3 се додека не се распределат според определениот принцип сите пратенички места во изборната единица.

(6) Количниците од делењето од ставот (5) на овој член се редат по големина при што се релевантни онолку најголеми количници колку што се избираат пратеници во изборната единица.

(7) Листата на кандидати добива толкав број на пратенички места колку што има најголеми количници од бројот на количниците од ставот (6) на овој член.

(8) Ако во доделувањето на последното пратеничко место се јават два идентични количника, мандатот се доделува со ждрепка.

(9) При распределбата на пратеничките места за избрани се сметаат онолку кандидати колку што места добила листата.

(10) Од листата на кандидати се избрани кандидатите наведени во листата според утврдениот редослед.

**Член 128**

(1) Државната изборна комисија за утврдувањето на резултатите од гласањето во изборната единица составува записник одделно за секоја изборна единица.

(2) Во записникот се внесуваат податоци за резултатите од гласањето, и тоа:

- вкупниот број на избирачки места,
- вкупниот број на избирачи запишани во изводите од избирачкиот список за

изборната единица,
- вкупниот број на болни и немоќни лица,
- вкупниот број на избирачи што гласале,
- вкупниот број на неважечки ливчиња,
- вкупниот број гласови што ги добила секоја листа на кандидати одделно,
- бројот на добиени пратенички места од листата на кандидати и
- името и презимето на избраните кандидати.

## 16. Сумирање, утврдување на резултатите од гласањето за избор начленови на совет и распределба на мандатите

### Член 130

(1) Општинската изборна комисија ги пресметува вкупните резултати од гласањето во општината.

(2) Општинската изборна комисија резултатите од гласањето ги пресметува врз основа на записниците со сумираните резултати од избирачките одбори и целокупниот изборен материјал.

(3) Општинската изборна комисија резултатите ги утврдува според бројот на гласовите што ги добиле листите на кандидати за членови на советот одделно врз основа на сумираните резултати од избирачките одбори.

(4) Изборната комисија на градот Скопје резултатите од гласањето за членови на Советот ги утврдува според бројот на гласовите што ги добиле листите на кандидати за членови на Советот одделно, врз основа на сумираните резултати добиени од општинските изборни комисии на подрачјето на градот Скопје.

(5) Утврдувањето на резултатите од изборите се врши со примена на Д'Хондт - овата формула.

(6) По утврдувањето на вкупниот број дадени гласови за секоја листа на кандидати (таканаречена избирачка маса), секоја листа одделно се дели со низот делители 1, 2, 3, 4 итн. сé до бројот на членовите на советот кои се избираат во општината и градот Скопје.

(7) Количниците од делењето од ставот (6) на овој член се редат по големина при што релевантни се онолку најголеми количници колку што се избираат членови на советот.

(8) Листата на кандидати за членови на советот добива толкав број на советнички места колку што има најголеми количници од бројот на количниците од ставот (6) на овој член.

(9) Ако во доделувањето на последното советничко место се јават два идентични количника, мандатот се доделува со ждрепка.

(10) При распределбата на советничките места за избрани се сметаат онолку кандидати колку што места добила листата.

(11) Од листата на кандидати за членови на советот се избрани кандидатите наведени во листата според утврдениот редослед.

### Член 151

(1) Државната изборна комисија по службена должност, или по поднесен приговор, со решение го поништува гласањето на гласачкото место во следниве случаи, ако:

- избирачкиот одбор не го спроведува гласањето на начин утврден со овој законик, а неправилностите влијаеле на постапката за гласање или постапката за сумирање и утврдување на резултатите,
- е нарушена тајноста на гласањето,
- гласањето било прекинато подолго од 3 часа,
- полицијата не одговорила на барањето за интервенција од страна на избирачкиот одбор, а за тоа имало потреба и влијаело врз спроведувањето на гласањето на избирачкото место,
- бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е поголем од бројот на избирачите што гласале,
- бројот на отпечатоците од прсти од гласачите кои гласале не се совпаѓа со бројот на гласачки ливчиња во гласачката кутија и
- некое лице или лица гласале за други лица.

(2) Државната изборна комисија во случаите од ставот (1) алинеи 1, 2, 5, 6 и 7 на овој член, при одлучување по приговори ако фактите на кои се упатува во нив се внесени во записникот, е должна да изврши увид во целокупниот изборен материјал.

(3) Државната изборна комисија со решение ќе го повтори гласањето на гласачките места во случаите од ставот (1) на овој член каде што гласањето е поништено само ако вкупниот број на запишани избирачи на тие избирачки места на ниво на изборна единица, град, односно општина влијае врз вкупните резултати.

(4) Против решението од ставовите (1) и (2) на овој член може, во рок од 24 часа од приемот на решението, да се поднесе тужба до Управниот суд преку Државната изборна комисија.

(5) Одлуката на Државната изборна комисија со која е поништено гласање на гласачко место се објавува на интернет страната на Државната изборна комисија и веднаш се доставува до секој подносител на листа на изборите.

(6) Против одлуката на Државната изборна комисија со која е поништено гласање на гласачко место, тужба до Управниот суд може да поднесе секој подносител на листа кој има правен интерес во рок од 24 од приемот на решението.

(7) Управниот суд е должен да постапи по тужбата во рок од 48 часа по нејзиниот прием.

(8) Гласањето на гласачкото место кое е поништено ќе се повтори по 14 дена од денот на гласањето.

**Член 154**

(1) Ако на листата на кандидати нема кандидати и ако се исцрпени основите за стекнување мандат на пратеник утврдени во членот 153 на овој законик, се распишуваат дополнителни избори за избор на пратеници во изборната единицаод која е избран пратеникот.

## 2. Постапка за утврдување, менување и објавување на избирачките места

## Член 167

Државната изборна комисија во соработка со Министерството за надворешни работи органот надлежен за работите од областа на урбанизмот и градежништвото, органот надлежен за работите на премерот и катастарот и управната организација надлежна за работите од областа на статистиката задолжена за организационо-техничката и методолошката обработка на податоците од Избирачкиот список ги изработува стручно-техничките описи на избирачките места. Стручно-техничкиот опис на избирачките места содржи: општина, број на изборна единица, број на избирачко место, населеното место и локација на избирачкото место (објект и адресата на објектот во кој ќе се гласа, населено место), дали избирачкото место е целосно населено место, улица (назив), индикатор на распределба куќен број (од - до).

## Член 175

(1) Во Република Македонија се утврдуваат седум изборни единици:

| **ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 1** |
|---|
| Општина КАРПОШ Избирачки места од 2592 до 2653 |
| Општина КАРПОШ Избирачки места од 2593/1 до 2593/1 |
| Општина КАРПОШ Избирачки места од 2597/1 до 2597/1 |
| Општина КАРПОШ Избирачки места од 2601/1 до 2601/1 |
| Општина КАРПОШ Избирачки места од 2614/1 до 2614/1 |
| Општина КАРПОШ Избирачки места од 2617/1 до 2618/1 |
| Општина КАРПОШ Избирачки места од 2626/1 до 2626/1 |
| Општина КАРПОШ Избирачки места од 2644/1 до 2644/1 |
| Општина КАРПОШ Избирачки места од 2649/1 до 2649/1 |
| Општина КАРПОШ Избирачки места од 2651/1 до 2653/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2425 до 2427 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2425/1 до 2426/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2654 до 2672 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2667/1 до 2667/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2669/1 до 2669/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2671/1 до 2671/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2739 до 2751 |

| |
|---|
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2748/1 до 2748/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2751/1 до 2751/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2761 до 2771 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2762/1 до 2762/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2774 до 2795 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2781/1 2782/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2784/1 2784/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2789/1 2789/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2793/1 2793/1 |
| Општина<br>КИСЕЛА ВОДА Избирачки места од 2795/1 2795/1 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2796 до 2818 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2796/1 до 2797/1 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2805/1 до 2806/1 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2822 до 2822 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2828 до 2828 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2830 до 2868 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2842/1 до 2844/1 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2847/1 до 2847/1 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2861/1 до 2861/1 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2867/1 до 2867/1 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2870 до 2871 |
| Општина ЦЕНТАР Избирачки места од 2870/1 до 2871/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2819 до 2821 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2819/1 до 2819/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2823 до 2827 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2826/1 до 2826/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2829 до 2829 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2829/1 до 2829/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2869 до 2869 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2869/1 до 2869/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2872 до 2898 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2873/1 до 2874/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2876/1 до 2877/1 |

| |
|---|
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2884/1 до 2884/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2886/1 до 2889/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2893/1 до 2893/1 |
| Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2673 до 2738 |
| Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2679/1 до 2680/1 |
| Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2682/1 до 2684/1 |
| Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2714/1 до 2717/1 |
| Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2719/1 до 2721/1 |
| Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2730/1 до 2730/1 |
| Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2732/1 до 2733/1 |
| Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2752 до 2760 |
| Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2772 до 2773 |
| Општина АЕРОДРОМ Избирачки места од 2772/1 до 2772/1 |
| Општина САРАЈ Избирачки места од 2428 до 2461 |
| Општина САРАЈ Избирачки места од 2428/1 до 2428/1 |
| Општина САРАЈ Избирачки места од 2430/1 до 2431/1 |
| Општина САРАЈ Избирачки места од 2433/1 до 2435/1 |
| Општина САРАЈ Избирачки места од 2438/1 до 2438/1 |
| Општина САРАЈ Избирачки места од 2447/1 до 2447/1 |
| Општина САРАЈ Избирачки места од 2451/1 до 2452/1 |
| Општина САРАЈ Избирачки места од 2458/1 до 2458/1 |
| Општина САРАЈ Избирачки места од 2460/1 до 2460/1 |
| Општина<br>МАКЕДОНСКИ БРОД Избирачки места од 0224 до 0274 |
| Општина<br>МАКЕДОНСКИ БРОД Избирачки места од 0247/1 до 0248/1 |
| Општина СОПИШТЕ Избирачки места од 2412 до 2424 |
| Општина СОПИШТЕ Избирачки места од 2423/1 до 2423/1 |
| Општина<br>СТУДЕНИЧАНИ Избирачки места од 2341 до 2361 |
| Општина<br>СТУДЕНИЧАНИ Избирачки места од 2341/1 до 2341/1 |
| Општина<br>СТУДЕНИЧАНИ Избирачки места од 2345/1 до 2351/1 |
| Општина<br>СТУДЕНИЧАНИ Избирачки места од 2353/1 до 2353/1 |
| Општина<br>СТУДЕНИЧАНИ Избирачки места од 2359/1 до 2359/1 |
| **ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 2** |
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2332 до 2332 |
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2476 до 2552 |
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2476/1 до 2476/1 |
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2493/1 до 2493/1 |

| |
|---|
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2499/1 до 2499/1 |
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2503/1 до 2503/1 |
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2507/1 до 2507/1 |
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2509/1 до 2511/1 |
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2514/1 до 2515/1 |
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2531/1 до 2531/1 |
| Општина ГАЗИ БАБА Избирачки места од 2538/1 до 2540/1 |
| Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2553 до 2591 |
| Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2553/1 до 2554/1 |
| Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2560/1 до 2560/1 |
| Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2571/1 до 2572/1 |
| Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2574/1 до 2574/1 |
| Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2576/1 до 2576/1 |
| Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2579/1 до 2582/1 |
| Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2587/1 до 2588/1 |
| Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ Избирачки места од 2590/1 до 2590/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2899 до 2903 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2900/1 до 2900/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2916 до 2917 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2916/1 до 2917/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2922 до 2922 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2922/1 до 2922/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2924 до 2928 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2934 до 2945 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2934/1 до 2937/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2939/1 до 2939/1 |
| Општина ЧАИР Избирачки места од 2941/1 до 2941/1 |
| Општина ШУТО ОРИЗАРИ Избирачки места од 2955 до 2973 |
| Општина ШУТО ОРИЗАРИ Избирачки места од 2955/1 до 2967/1 |
| Општина ШУТО ОРИЗАРИ Избирачки места од 2969/1 до 2972/1 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2904 до 2915 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2904/1 до 2905/1 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2907/1 до 2907/1 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2909/1 до 2909/1 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2911/1 до 2911/1 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2914/1 до 2915/1 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2918 до 2921 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2918/1 до 2921/1 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2923 до 2923 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2929 до 2933 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2946 до 2954 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2948/1 до 2948/1 |
| Општина БУТЕЛ Избирачки места од 2950/1 до 2951/1 |

| |
|---|
| Општина АРАЧИНОВО Избирачки места од 2333 до 2340 |
| Општина АРАЧИНОВО Избирачки места од 2333/1 до 2337/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 0995 до 1104 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 0995/1 до 0995/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1000/1 до 1001/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1006/1 до 1006/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1008/1 до 1011/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1013/1 до 1014/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1017/1 до 1017/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1020/1 до 1020/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1026/1 до 1026/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1040/1 до 1042/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1047/1 до 1051/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1055/1 до 1055/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1057/1 до 1061/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1064/1 до 1064/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1078/1 до 1080/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1086/1 до 1087/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1091/1 до 1091/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1097/1 до 1098/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1101/1 до 1103/1 |
| Општина ЛИПКОВО Избирачки места од 1105 до 1130 |
| Општина ЛИПКОВО Избирачки места од 1111/1 до 1113/1 |
| Општина ЛИПКОВО Избирачки места од 1119/1 до 1121/1 |
| Општина ЛИПКОВО Избирачки места од 1125/1 до 1125/1 |
| Општина ЛИПКОВО Избирачки места од 1128/1 до 1130/1 |
| Општина СТАРО<br>НАГОРИЧАНЕ Избирачки места од 1156 до 1186 |
| Општина ЧУЧЕР –<br>САНДЕВО Избирачки места од 2462 до 2475 |
| **ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 3** |
| Општина БЕРОВО Избирачки места од 0001 до 0016 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2135 до 2203 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2138/1 до 2138/1 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2143/1 до 2144/1 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2146/1 до 2146/1 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2153/1 до 2153/1 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2159/1 до 2159/1 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2170/1 до 2170/1 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2172/1 до 2173/1 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2201/1 до 2201/1 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2207 до 2210 |
| Општина ВЕЛЕС Избирачки места од 2210/1 до 2210/1 |

| |
|---|
| Општина ВИНИЦА Избирачки места од 0303 до 0332 |
| Општина ВИНИЦА Избирачки места од 0310/1 до 0311/1 |
| Општина ВИНИЦА Избирачки места од 0315/1 до 0315/1 |
| Општина ГРАДСКО Избирачки места од 2217 до 2226 |
| Општина ГРАДСКО Избирачки места од 2219/1 до 2219/1 |
| Општина ДЕЛЧЕВО Избирачки места од 0572 до 0604 |
| Општина ДЕЛЧЕВО Избирачки места од 0577/1 до 0577/1 |
| Општина ДЕЛЧЕВО Избирачки места од 0582/1 до 0583/1 |
| Општина ЗЕЛЕНИКОВО Избирачки места од 2362 до 2376 |
| Општина ЗРНОВЦИ Избирачки места од 0888 до 0891 |
| Општина ИЛИНДЕН Избирачки места од 2393 до 2411 |
| Општина ИЛИНДЕН Избирачки места од 2393/1 до 2397/1 |
| Општина ИЛИНДЕН Избирачки места од 2399/1 до 2399/1 |
| Општина КАРБИНЦИ Избирачки места од 2316 до 2331 |
| Општина КОЧАНИ Избирачки места од 0830 до 0874 |
| Општина КОЧАНИ Избирачки места од 0834/1 до 0834/1 |
| Општина КОЧАНИ Избирачки места од 0836/1 до 0838/1 |
| Општина КОЧАНИ Избирачки места од 0857/1 до 0857/1 |
| Општина КОЧАНИ Избирачки места од 0860/1 до 0861/1 |
| Општина КОЧАНИ Избирачки места од 0892 до 0902 |
| Општина КРАТОВО Избирачки места од 0903 до 0937 |
| Општина КРАТОВО Избирачки места од 0931/1 до 0932/1 |
| Општина КРИВА ПАЛАНКА Избирачки места од 0938 до 0981 |
| Општина КРИВА ПАЛАНКА Избирачки места од 0945/1 до 0947/1 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1131 до 1141 |
| Општина КУМАНОВО Избирачки места од 1144 до 1150 |
| Општина ЛОЗОВО Избирачки места од 1704 до 1712 |
| Општина МАКЕДОНСКА |
| КАМЕНИЦА Избирачки места од 0605 до 0618 |
| Општина МАКЕДОНСКА |
| КАМЕНИЦА Избирачки места од 0610/1 до 0612/1 |
| Општина ПЕТРОВЕЦ Избирачки места од 2377 до 2392 |
| Општина ПЕТРОВЕЦ Избирачки места од 2377/1 до 2378/1 |
| Општина ПЕТРОВЕЦ Избирачки места од 2382/1 до 2382/1 |
| Општина ПЕХЧЕВО Избирачки места од 0017 до 0025 |
| Општина ПРОБИШТИП Избирачки места од 1530 до 1573 |
| Општина ПРОБИШТИП Избирачки места од 1539/1 до 1539/1 |
| Општина ПРОБИШТИП Избирачки места од 1566/1 до 1566/1 |
| Општина РАНКОВЦЕ Избирачки места од 0982 до 0994 |
| Општина СВЕТИ НИКОЛЕ Избирачки места од 1671 до 1703 |
| Општина СВЕТИ НИКОЛЕ Избирачки места од 1675/1 до 1675/1 |
| Општина СВЕТИ НИКОЛЕ Избирачки места од 1684/1 до 1684/1 |

| |
|---|
| Општина СТАРО<br>НАГОРИЧАНЕ Избирачки места од 1142 до 1143 |
| Општина СТАРО<br>НАГОРИЧАНЕ Избирачки места од 1151 до 1155 |
| Општина ЧАШКА Избирачки места од 2204 до 2206 |
| Општина ЧАШКА Избирачки места од 2205/1 до 2205/1 |
| Општина ЧАШКА Избирачки места од 2211 до 2216 |
| Општина ЧАШКА Избирачки места од 2227 до 2246 |
| Општина ЧАШКА Избирачки места од 2234/1 до 2234/1 |
| Општина ЧЕШИНОВО –<br>ОБЛЕШЕВО Избирачки места од 0875 до 0887 |
| Општина ШТИП Избирачки места од 2247 до 2315 |
| Општина ШТИП Избирачки места од 2247/1 до 2250/1 |
| Општина ШТИП Избирачки места од 2255/1 до 2255/1 |
| Општина ШТИП Избирачки места од 2268/1 до 2271/1 |
| Општина ШТИП Избирачки места од 2280/1 до 2280/1 |
| Општина ШТИП Избирачки места од 2294/1 до 2294/1 |
| **ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 4** |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0194 до 0204 |
| Општина БОГДАНЦИ Избирачки места од 0368 до 0377 |
| Општина БОГДАНЦИ Избирачки места од 0371/1 до 0371/1 |
| Општина БОГДАНЦИ Избирачки места од 0376/1 до 0376/1 |
| Општина БОСИЛОВО Избирачки места од 1811 до 1826 |
| Општина БОСИЛОВО Избирачки места од 1824/1 до 1824/1 |
| Општина БОСИЛОВО Избирачки места од 1842 до 1843 |
| Општина ВАЛАНДОВО Избирачки места од 0280 до 0302 |
| Општина ВАЛАНДОВО Избирачки места од 0284/1 до 0284/1 |
| Општина ВАСИЛЕВО Избирачки места од 1794 до 1810 |
| Општина ВАСИЛЕВО Избирачки места од 1800/1 до 1800/1 |
| Општина ВАСИЛЕВО Избирачки места од 1804/1 до 1804/1 |
| Општина ГЕВГЕЛИЈА Избирачки места од 0333 до 0367 |
| Општина ГЕВГЕЛИЈА Избирачки места од 0349/1 до 0350/1 |
| Општина ДЕМИР КАПИЈА Избирачки места од 1238 до 1248 |
| Општина КАВАДАРЦИ Избирачки места од 0659 до 0712 |
| Општина КАВАДАРЦИ Избирачки места од 0660/1 до 0660/1 |
| Општина КАВАДАРЦИ Избирачки места од 0668/1 до 0668/1 |
| Општина КАВАДАРЦИ Избирачки места од 0672/1 до 0674/1 |
| Општина КАВАДАРЦИ Избирачки места од 0684/1 до 0684/1 |
| Општина КОНЧЕ Избирачки места од 1608 до 1617 |
| Општина КРИВОГАШТАНИ Избирачки места од 1508 до 1519 |
| Општина МОГИЛА Избирачки места од 0181 до 0193 |
| Општина МОГИЛА Избирачки места од 0214 до 0223 |
| Општина НЕГОТИНО Избирачки места од 1213 до 1237 |

| |
|---|
| Општина НЕГОТИНО Избирачки места од 1216/1 до 1216/1 |
| Општина НЕГОТИНО Избирачки места од 1221/1 до 1221/1 |
| Општина НЕГОТИНО Избирачки места од 1223/1 до 1223/1 |
| Општина НОВАЦИ Избирачки места од 0158 до 0180 |
| Општина НОВАЦИ Избирачки места од 0161/1 до 0161/1 |
| Општина НОВО СЕЛО Избирачки места од 1774 до 1792 |
| Општина НОВО СЕЛО Избирачки места од 1791/1 до 1791/1 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1350 до 1457 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1367/1 до 1367/1 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1374/1 до 1375/1 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1380/1 до 1380/1 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1385/1 до 1385/1 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1387/1 до 1387/1 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1392/1 до 1392/1 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1400/1 до 1400/1 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1402/1 до 1402/1 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1456/1 до 1456/1 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1494 до 1507 |
| Општина ПРИЛЕП Избирачки места од 1520 до 1529 |
| Општина РАДОВИШ Избирачки места од 1574 до 1607 |
| Општина РАДОВИШ Избирачки места од 1578/1 до 1583/1 |
| Општина РАДОВИШ Избирачки места од 1618 до 1623 |
| Општина РОСОМАН Избирачки места од 0713 до 0722 |
| Општина ДОЈРАН Избирачки места од 0378 до 0385 |
| Општина СТРУМИЦА Избирачки места од 1713 до 1773 |
| Општина СТРУМИЦА Избирачки места од 1720/1 до 1720/1 |
| Општина СТРУМИЦА Избирачки места од 1727/1 до 1728/1 |
| Општина СТРУМИЦА Избирачки места од 1730/1 до 1731/1 |
| Општина СТРУМИЦА Избирачки места од 1763/1 до 1763/1 |
| Општина СТРУМИЦА Избирачки места од 1793 до 1793 |
| Општина СТРУМИЦА Избирачки места од 1827 до 1841 |
| Општина ДЕБАР Избирачки места од 0477 0477 |
| Општина ДЕБАР Избирачки места од 0477/1 0477/1 |
| Општина ДЕБАР Избирачки места од 0543 до 0548 |
| Општина ДЕБАР Избирачки места од 0544/1 до 0544/1 |
| Општина ДЕБАР Избирачки места од 0547/1 до 0547/1 |
| Општина ДЕБАР Избирачки места од 0555 до 0556 |
| Општина ДЕБАР Избирачки места од 0549 до 0554 |
| Општина ДЕБАР Избирачки места од 0534 до 0542 |
| Општина ЦЕНТАР ЖУПА Избирачки места од 0557 до 0571 |
| Општина ЦЕНТАР ЖУПА Избирачки места од 0562/1 до 0562/1 |
| Општина ДЕБАРЦА Избирачки места од 1314 до 1334 |
| Општина ДЕБАРЦА Избирачки места од 1343 до 1349 |

| |
|---|
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0026 до 0157 |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0038/1 до 0040/1 |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0066/1 до 0066/1 |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0076/1 до 0076/1 |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0089/1 до 0089/1 |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0093/1 до 0094/1 |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0102/1 до 0102/1 |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0106/1 до 0106/1 |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0119/1 до 0125/1 |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0150/1 до 0150/1 |
| Општина БИТОЛА Избирачки места од 0205 до 0213 |
| Општина ВЕВЧАНИ Избирачки места од 1921 до 1923 |
| Општина ДЕМИР ХИСАР Избирачки места од 0619 до 0658 |
| Општина ДЕМИР ХИСАР Избирачки места од 0623/1 до 0623/1 |
| Општина ДОЛНЕНИ Избирачки места од 1209 до 1211 |
| Општина ДОЛНЕНИ Избирачки места од 1458 до 1493 |
| Општина ДОЛНЕНИ Избирачки места од 1470/1 до 1470/1 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0723 до 0757 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0726/1 до 0726/1 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0733/1 до 0733/1 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0736/1 до 0739/1 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0745/1 до 0745/1 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0751/1 до 0752/1 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0758 до 0781 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0802 до 0813 |
| Општина КРИВОГАШТАНИ Избирачки места од 1212 до 1212 |
| Општина КРУШЕВО Избирачки места од 1187 до 1208 |
| Општина КРУШЕВО Избирачки места од 1187/1 до 1187/1 |
| Општина МАВРОВО И РОСТУША Избирачки места од 0463 до 0476 |
| Општина МАВРОВО И РОСТУША Избирачки места од 0464/1 до 0465/1 |
| Општина МАВРОВО И РОСТУША Избирачки места од 0470/1 до 0470/1 |
| Општина МАВРОВО И РОСТУША Избирачки места од 0473/1 до 0474/1 |
| Општина МАВРОВО И РОСТУША Избирачки места од 0478 до 0479 |
| Општина МАВРОВО И РОСТУША Избирачки места од 0481 до 0498 |
| Општина ОХРИД Избирачки места од 1249 до 1313 |
| Општина ОХРИД Избирачки места од 1253/1 до 1255/1 |
| Општина ОХРИД Избирачки места од 1258/1 до 1259/1 |
| Општина ОХРИД Избирачки места од 1263/1 до 1264/1 |
| Општина ОХРИД Избирачки места од 1268/1 до 1268/1 |
| Општина ОХРИД Избирачки места од 1278/1 до 1278/1 |
| Општина ОХРИД Избирачки места од 1281/1 до 1283/1 |
| Општина ОХРИД Избирачки места од 1298/1 до 1298/1 |

| |
|---|
| Општина ОХРИД Избирачки места од 1308/1 до 1310/1 |
| Општина ОХРИД Избирачки места од 1335 до 1342 |
| Општина ПЛАСНИЦА Избирачки места од 0275 до 0279 |
| Општина ПЛАСНИЦА Избирачки места од 0276/1 до 0279/1 |
| Општина РЕСЕН Избирачки места од 1624 до 1670 |
| Општина РЕСЕН Избирачки места од 1631/1 до 1631/1 |
| Општина РЕСЕН Избирачки места од 1638/1 до 1638/1 |
| Општина РЕСЕН Избирачки места од 1640/1 до 1640/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1844 до 1920 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1846/1 до 1846/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1848/1 до 1848/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1853/1 до 1853/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1858/1 до 1859/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1863/1 до 1863/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1872/1 до 1873/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1875/1 до 1876/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1883/1 до 1884/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1895/1 до 1896/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1899/1 до 1899/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1905/1 до 1907/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1909/1 до 1910/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 1916/1 до 1918/1 |
| Општина СТРУГА Избирачки места од 2976 до 2976 |
| **ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 6** |
| Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2050 до 2079 |
| Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2050/1 до 2050/1 |
| Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2062/1 до 2062/1 |
| Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2065/1 до 2065/1 |
| Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2069/1 до 2071/1 |
| Општина БОГОВИЊЕ Избирачки места од 2073/1 до 2074/1 |
| Општина БРВЕНИЦА Избирачки места од 2032 до 2049 |
| Општина БРВЕНИЦА Избирачки места од 2036/1 до 2040/1 |
| Општина БРВЕНИЦА Избирачки места од 2049/1 до 2049/1 |
| Општина ВРАПЧИШТЕ Избирачки места од 0436 до 0462 |
| Општина ВРАПЧИШТЕ Избирачки места од 0436/1 до 0439/1 |
| Општина ВРАПЧИШТЕ Избирачки места од 0444/1 до 0445/1 |
| Општина ВРАПЧИШТЕ Избирачки места од 0447/1 до 0447/1 |
| Општина ВРАПЧИШТЕ Избирачки места од 0455/1 до 0458/1 |
| Општина ВРАПЧИШТЕ Избирачки места од 0461/1 до 0461/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0386 до 0435 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0387/1 до 0388/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0396/1 до 0398/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0403/1 до 0403/1 |

| |
|---|
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0406/1 до 0407/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0413/1 до 0413/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0419/1 до 0419/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0422/1 до 0422/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0424/1 до 0427/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0435/1 до 0435/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0480 до 0480 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0499 до 0533 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0499/1 до 0501/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0504/1 до 0508/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0510/1 до 0511/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0518/1 до 0519/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0521/1 до 0521/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0527/1 до 0528/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0531/1 до 0531/1 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 0782 до 0782 |
| Општина ГОСТИВАР Избирачки места од 2974 до 2975 |
| Општина ЖЕЛИНО Избирачки места од 2089 до 2114 |
| Општина ЖЕЛИНО Избирачки места од 2090/1 до 2091/1 |
| Општина ЖЕЛИНО Избирачки места од 2106/1 до 2110/1 |
| Општина ЖЕЛИНО Избирачки места од 2113/1 до 2114/1 |
| Општина ЈЕГУНОВЦЕ Избирачки места од 2115 до 2134 |
| Општина ЈЕГУНОВЦЕ Избирачки места од 2132/1 до 2132/1 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0783 до 0801 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0783/1 до 0783/1 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0793/1 до 0793/1 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0814 до 0829 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0816/1 до 0817/1 |
| Општина КИЧЕВО Избирачки места од 0828/1 до 0828/1 |
| Општина ТЕАРЦЕ Избирачки места од 2007 до 2031 |
| Општина ТЕАРЦЕ Избирачки места од 2021/1 до 2022/1 |
| Општина ТЕАРЦЕ Избирачки места од 2029/1 до 2031/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1924 до 2006 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1927/1 до 1932/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1939/1 до 1939/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1941/1 до 1942/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1954/1 до 1954/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1958/1 до 1958/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1968/1 до 1968/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1971/1 до 1973/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1981/1 до 1981/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1989/1 до 1994/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 1997/1 до 1997/1 |

| | |
|---|---|
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 2000/1 до 2000/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 2004/1 до 2004/1 |
| Општина ТЕТОВО Избирачки места од 2080 до 2088 |

(2) За спроведувањето на гласањето за избор на тројца пратеници се утврдува една изборна единица и тоа:

- Изборна единица број 7 за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во Европа, Азија, Северна и Јужна Америка, Австралија и Африка, со избирачките места, односно ДКП, односно конзуларните канцеларии во тие земји.